Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-1930/3

Скопје 25. 12. 2023

Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање со бр.16.1.2-1930/1 од 18.12.2023 година, го донесе следното,

РЕШЕНИЕ

за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-1930/1 од 18.12.2023 година, кое се однесува на пол на извршители на кривични дела предвидени во чл. 215 и чл. 216 од КЗ на подрачје на СВР Охрид во период од 2015 до 2020 година, по извршените проверки во надлежните организациски единици и согласно податоците со кои располагаме, Ве известуваме за следното:

- во 2015 година регистрирани се вкупно 81 сторител (Охрид-55, Струга-26), од кои 80 се од машки пол и 1 женски пол;
- во 2016 година регистрирани се вкупно 70 сторители (Охрид-47, Струга-23), од кои 66 се од машки пол и 4 женски пол;
- во 2017 година регистрирани се вкупно 74 сторители (Охрид-50, Струга-24), од кои 69 се од машки пол 5 женски пол;
- во 2018 година регистрирани се вкупно 91 сторител (Охрид-61, Струга-30), од кои 87 се од машки пол и 4 женски пол;
- во 2019 година регистрирани се вкупно 100 сторители (Охрид-69, Струга-31), од кои 96 се од машки пол и 4 женски пол;


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

- во 2020 година регистрирани се вкупно 81 сторител (Охрид-57, Струга-24), од кои 79 се од машки пол и 2 женски пол.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до СВР Охрид, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Марија Јаковлеска**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015